**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 04.10.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4702 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, и 142/16), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

1. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје

2. **Период опфатен со надзорот:** 2 септември 2016 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 3 октомври 2016 година

4. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 став 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (половина од законски утврдениот процент во текот на денот од 50% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, треба да се емитува во периодот од 7:00 до 19:00 часот).

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

5. **Претходно изречена мерка:**
   *За непочитување на член 92 став 14 од Законот, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-380 од 15.07.2016 година) на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје.*
   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (20 јули 2016 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

6. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 септември 2016 година, на регионално ниво, е **констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) <u>во целост постапил по решението</u>**, односно ја отстранил извршената повреда на член 92 став 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

7. **Опис на прекршувањето: /**

8. **Предлог мерка:**

***Сектор за програмски работи***